# БЕЛЕШКА

Датум 1.11.2019 година
Влада на Република Северна Македонија

Предмет Состанок на работната група за утврдување на приоритети, методологија и критериуми за финансиска поддршка на здруженијата/фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

Присутни Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и претставници на Одделението за соработка со невладини организации: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

Работната група за утврдување на приоритетите, методологијата и критериумите за финансиска поддршка на здруженијата/фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ја разгледа Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, Предлогот од Одделението за соработка со невладини организации и електронските пораки доставени од неколку граѓански организации и отвори дискусија по прашањето кои од приоритетните цели би можеле да се реализираат преку проектни активности на здруженија и фондации во 2020 година. Како области за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, Работната група ги препорачува :

- Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија;
- Унапредување на човековите права и јакнење на владеењето на правото;
- Воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството;
- Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail:nvosorabotka@gs.gov.mk

- Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење;
- Развивање на социјалното претприемништво;
- Еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење;
- Дигитална трансформација при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите и подигнување на јавната свест за сајбер безбедност;
- Намалување на влијанијата од климатските промени и постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови;
- Подигнување на јавната свест за значењето на животната средина и заштитата на климата и едукација на населението од областа на животната средина.

Исто така, членовите на Работната група препорачаа во Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2020 година на Генералниот секретаријат на Владата, да не се вклучуваат областите кои веќе се предвидени во програмите на министерствата и другите органи на државната управа. Во однос на висината на грантовите, Работната група препорача Огласот да содржи два вида на грантови, во висина од 300.000,00 и 600.000,00 денари, со цел да им се даде можност и на помалите организации.

Во врска со предлогот на Одделението за соработка со невладини организациисо Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година да се поттикне рамномерен регионален развој, членовите на Работната група се согласија да се предвидат дополнителни бодови согласно Одлуката за класификација на планските регион според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година.

На состанокот беше дискутирано и за потребата од донесување на нова Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија. Членовите на Работната група се согласија да се намалат бодовите предвидени за организациска структура и ресурси, а секој од нив презема обврска до Одделението за соработка со невладини организации да достави конкретни предлози за промена на критериумите за оценување на квалитетот на проектите, врз основа на нивното искуство во евалуација на проекти.

Дополнително, членовите на Работната група препорачаа Одделението за соработка со невладини организации да подготви online прашалник  наменет за широк консултативен процес со граѓанските организации, во кој како области за финансиска поддршка да се наведат приоритетите утврдени од Работната група.

Подготвиле: Загорка Видоевска
м-р Елпида Петковска
Согласна: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска